# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА ЗА МОЖНОСТИТЕ КОИ ГИ НУДАТ ИПАРД ФОНДОВИТЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија како земја кандидат има пристап до фондовите на Европската Унија наменети за развој на земјоделството и руралниот развој преку Инструментот за претпристапна помош за рурален развој (т.н. ИПАРД) основан во јуни 2006 со правила за негова имплементација донесени во јули 2007 година.

За да започне со користење на ИПАРД фондовите, секоја земја кандидат треба да исполни два клучни услови:

- да изготви ИПАРД Програма и истата да биде усвоена од Европската Комисија и - да изгради институции за управување, спроведување и финансиско раководење со ИПАРД фондовите и на истите да им биде пренесено правото за управување од страна на Европската Комисија (т.н. европска акредитација)

Првиот услов Република Македонија го исполни со изработка на ИПАРД Програмата за користење на средствата од ИПАРД која беше усвоена од Европската Комисија во Декември 2007 година.

По усвојување на ИПАРД Програмата интензивно започнаа подготовките на институциите за здобивање со правото за управување и спроведување на ИПАРД фондовите од страна на Европската Комисија како втор комплексен исчекор поблиску.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како надлежна институција за управување со ИПАРД фондовите и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во својство на ИПАРД Агенција надлежна за спроведување и финансиско управување со ИПАРД фондовите ги направија сите неопходни чекори во соработка со Министерството за финансии за здобивање со национална акредитација во март, 2009 година.

Здобивањето национална акредитација го означи отпочнувањето на процесот за здобивање право за управување со ИПАРД фондовите од страна на Европската Комисија кој процес се очекува да се заокружи до крајот на оваа година.

**Од 2007 до 2011 година, за развој на земјоделството и за рурален развој, државава има на располагање 60,7 милиони евра за реализација на мерките од ИПАРД. Од нив, 45,5 милиони евра се од буџетот на ЕУ, а дополнителни 15,2 милиони евра се пари од буџетот на Република Македонија.** Целта е со овие средства, агросекторот да се подготви за пристап кон Унијата.

**Со пари од ИПАРД фондовите ќе се покриваат 50% од трошоците за:**

*- Мерка 101 - Инвестиции во земјоделските стопанства, за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската Унија*
*- Мерка 103 - Инвестиции за преработка и пласман на земјоделските производи согласно европските стандарди, и*
*- Мерка 302 - диверзификација и развој на економијата во руралните средини.*

**Мерка 101 - Согласно мерката за инвестиции во земјоделските стопанства,** *прифатливи се проектите од* областа на лозарството, овоштарството, градинарството и одгледување на добиток за производство на млеко и месо.

**ИПАРД проектите за поддршка на лозарството се однесуваат на:**

- обновување на постоечките лозови насади
- подобрување на постојните системи за наводнување на лозовите насади
- модернизација на механизацијата за култивација на насадите
- поставување на заштитни мрежи за заштита од природни непогоди

**Прифатливите проекти за овоштарството се насочени кон:**

- обновување на старите овошни насади или нивна замена со признаени и препорачани сорти
- подобрување на постоечките системи за наводнување
- модернизација на механизацијата за култивација на насадите
- поставување на заштитни мрежи за заштита од природни непогоди

**ИПАРД ќе го поддржува и градинарството. Проектите од овој земјоделски сектор треба да се однесуваат на:**

- подигнување на нови високи пластеници заради замена на тунелските фолии и реконструкција на постоечките пластеници
- подигнување на нови стакленици заради замена на тунелските фолии и реконструкција на постоечките стакленици во согласност со Европските стандарди за оранжерии
- изградба на нови придружни објекти за постбербени активности или реконструкција на постоечките објекти за постбербени активности во постојните пластеници и стакленици (освен кај тунелските фолии)
- модернизација на одгледување на зеленчук на отворено

**Во сточарството со средствата од ИПАРД ќе се кофинансираат со 50 % проекти за одгледување на добиток за производство на сурово млеко и за месо. Проектите за овој сектор треба да се однесуваат на:**

- обновување на постоечките објекти за одгледување на молзни крави, овци и кози, маторици и товни свињи и живина (бројлери) и нивно опремување

- обновување на придружните објекти за чување на добиточната храна за молзен добиток и опрема за манипулација со храната
- набавка на опрема за молзење, ладење и складирање на млекото
- воспоставување на нови објекти за одгледување и тов на бројлери, нивно опремување и обновување на старите објекти
- мора да се води сметка проектите за обновување на постоечки објекти за одгледување на добиток и живина за тов да ги достигнуваат стандардите за благосостојба на животните.

Сите проекти кои се однесуваат на инвестиции во земјоделски стопанства за одгледување на добиток за производство на млеко или за месо мора да предвидуваат инвестиции во воведување на систем за чистење на шталите и чување на арското ѓубриво до негова апликација на земјоделски површини, бидејќи и тие се предмет на кофинансирање.

Набавката на основното стадо добиток не е предмет на финансирање преку европските претпристапни фондови.

**Корисник на ИПАРД поддршката наменета за мерката 101 може да биде секое земјоделско стопанство регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое ги има подмирено сите давачки кон државата по основ на даноци и придонеси и нема долгови кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по основ на склучен договор за закуп на државно земјиште и набавка на механизација.**

**Мерка 103 - Проектите наменети за инвестиции во преработката и пласман на земјоделските и земјоделско прехранбените производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската Унија треба да опфаќаат** поддршка на производството на вино, собирни центри за свежо овошје и зеленчук, за сурово млеко, потоа преработувачки капацитети за овошје и зеленчук и за млеко и млечни производи и кланични капацитети за говеда, свињи и живина како и за инвестиции за третман на отпадот од кланичната и месната индустрија и негова валоризација.

- **Проектите од областа на винарството треба да се однесуваат на** подобрување на квалитетот на виното преку модернизација на постоечките капацитети за финализација на виното и воведување на лаборатории и системи за следење на квалитетот на виното од суровина до краен потрошувач, како и подобрување на маркетингот на виното преку обновување или воведување на линии за шиширање, автоматско етикетирање и пакување.
- **Проектите за преработка на овошје и зеленчук треба да се насочени кон** изградба и обновување на објекти за воспоставување и модернизирање на собирните центри за овошје и зеленчук, набавка на

опрема за подобрување и модернизирање на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук.

**ИПАРД предвидува и поддршка за преработка на млеко и млечни производи. Проектите од овој сектор треба да се насочени кон** инвестиции за воспоставување и модернизација на собирни центри за млеко; како и за модернизација и технолошко осовременување на специјализирани капацитети за преработка на млеко (со исклучок на производни линии за млеко во прав и путер).

**ИПАРД предвидува и поддршка за кланичните капацитети. Проектите од овој сектор треба да се насочени кон** инвестиции за воспоставување на кланични капацитети за живина; модернизација и технолошко осовременување на постоечките линии на кланици за говеда, свињи и живина; како и инвестиции во кланични капацитети и капацитети за преработка на месо за заштита на животната средина.

**Корисник на ИПАРД поддршката наменета за мерка 103 може да биде трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва. Во случај на инвестиции за воспоставување и модернизација на собирни центри за овошје и зеленчук и собирни центри за млеко како корисник може да се јави и земјоделска задруга основана согласно Законот за задругите. Како корисници може да се јават и правни лица во рангот на големи претпријатија за дел од претпријатието односно за производен капацитет кој се наоѓа на една локација и во кој се обавува една производна дејност поврзана со преработка на земјоделски производи согласно Законот за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храна и Законот за ветеринарно јавно здравство;**

**Мерка 302 – Проектите предвидени за диверзификација и развој на рурални економски активности ќе поддржуваат** создавање и развој на микро и мали претпријатија, занаетчиство и рурален туризам, притоа промовирајќи го претприемаштвото и развивајќи ја економската структура.

- **Проектите за поттикнување на микро-бизниси во рурални средини треба да се насочени кон** воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство и вон земјоделско стопанство; воспоставување и модернизација на откупни центри како и воспоставување на работилници за традиционални занаетчиски активности и за одржување на земјоделската механизација.
- **И руралниот туризам е дел од поддршката на ИПАРД. Проектите од овој сектор треба да се насочени кон** реконструкција на објекти на земјоделско стопанство со намена за рурален туризам, надополнети со

рекреативни капацитети, градење на угостителски објекти, сместување на отворено (кампови) и капацитети за рекреација.

**Корисник на ИПАРД поддршката наменета за поттикнување на микро-бизниси во рурални средини и поддршката за развој на рурален туризам може да биде :**
**- земјоделско стопанство, задруги или други правни лица, регистрирани занаетчии, микро компании за преработка на земјоделски производи, Сопственици/концесионери на рибни ревири или на води за спортски риболов, сопственици на шуми, земјоделски задруги и трговци поединци и правни лица.**

Преку оваа мерка чии активности ќе се кофинансираат со европски и домашни пари на руралното население ќе му се овозможи остварување на дополнителни извори на приход, а со тоа и отворање на нови можности за вработување во неразвиените области.

**За повеќе информации за можностите кои ги нудат ИПАРД фондовите обратете се до:**

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Тело за управување со ИПАРД**
**Ул. Беласица бр. 2, 1000 Скопје**
**Телефон: 02/3110-887**

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
**Ул. Скупи 3а, 1000 Скопје**
**Телефон: 02/ 3097-450**